РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
В И Н И Ц А

| Примено: 09.01.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 32 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1272
29.12.2025 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 29.12.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

## За давање Согласност на Програма за одржување на комуналната хигиена во зимски услови на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2025/2026 година

Член 1

Се дава Согласност на Програмата за ордржување на комуналната хигиена во зимски услови на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2025/2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

ЈП“СОЛИДАРНОСТ“-ВИНИЦА
Бр. 02-935/13
18.12.2025 год.

Арх. знак 0204
Рок на чување Трајно
18.12.2025

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП“Солидарност“-Виница, Управниот одбор на ЈП“Солидарност“-Виница на седницата одржана на ден 18.12.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување на Програмата за одржување на комуналната хигиена во зимски услови**

**чл.1**

Се усвојува Програмата за одржување на комуналната хигиена во зимски услови на ЈП Солидарност Виница за 2025/2026 година

Управен одбор
Претседател

Јавно претпријатие за комунални работи „СОЛИДАРНОСТ“ Ц.О. ВИНИЦА

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
Бр. 01-876
28.11.2025
ВИНИЦА

# ПРОГРАМА

## за одржување на комуналната хигиена во зимски услови за 2025/2026 година

ЈП за комунални работи "Солидарност" Виница е претпријатие од посебен општествен интерес и врши повеќе дејности на територијата на општина Виница, помеѓу кои и одржување на комуналната хигиена во зимски услови.

Чистењето и одржувањето на јавните прометни површини во зимски услови, во градот се врши согласно програмските приоритети.

Бројот на опслужени корисници, фреквенцијата на моторни возила и пешаци, објекти и локации од јавен интерес, критични и опасни места за безбедно одвивање на моторниот и пешачкиот сообраќај, се основни критериуми врз основа на кои се утврдени приоритетите.

Потребата од утврдување на приоритети произлегува од обемот и специфичноста на дејноста, расположивата механизација и итноста и неодложноста како карактерна особина на дејноста.

Почитувајќи го погоре цитираното, а имајќи го во предвид фактот за сериозно, навремено и ефикасно извршување на работите, целокупниот фонд на улици, патишта, објекти и локации е поделен во 3 (три) приоритети и тоа:

### А) ПРИОРИТЕТ

- Пристапен пат до фабриката за преработка на вода за пиење
- Улица "Маршал Тито"
- Улица "Ѓорѓи Сугаре" - дел и улица "Ваташка"
- Улица "Партизанска", од раскрсница со улица "Јане Сандански" до Метеоролошката станица
- Улица "4-та Македонска Бригада"
- Улица "Јане Сандански"
- Пристап до Здравствениот Дом

### Б) ПРИОРИТЕТ

- Булевар "Маршал Тито" - тротоарите (коловозот го чисти "Македонија пат" - пункт Кочани)
- Улица "Браќа Миладинови" - тротоарите (коловозот го чисти "Македонија пат" - пункт Кочани)
- Улица "Димитар Влахов", од улица "Маршал Тито" до христијански гробишта

- Улица “Илинденска“, од бензинска пумпа “Макпетрол“ до мост на Градечка Река
- Улиците “Пионерска“ и “Бел Камен“
- Пешачките патеки во градскиот парк

**В) ПРИОРИТЕТ**

Останати улици во Градот и населените места

За одредени пристапни патишта до населени места општината по потреба склучува Договори за услуги со правни и физички лица, со обврска да обезбеди абразивни материјали(песок и индустриска сол).

За извршување на сите овие активности во зимскиот период, предвидено е 80 $м^3$ песок (на лагер има 30 $м^3$ - треба да се набават уште 50 $м^3$) и 13 тони сол (на лагер има 4 тони - треба да се набават уште 9 тони).

Абразивните материјали ги набавува општина Виница, а се складирани во магацините на ЈП “Солидарност“ Виница.

За успешно и навремено извршување на работите, ЈП“Солидарност“ Виница на располагање ја става следната механизација:

- Еден трактор со растурач на песок и сол, задолжен возач Борче Димитров, мобилен телефон 070/673-328
- Едно специјално возило за чистење на снег и растурање на песок и сол, задолжени возачи: Орце Николовски, мобилен телефон 071/236-752, негов помошник Душко Иванов, мобилен телефон 075/814-400, возач Тоше Стојчевски со мобилен телефон 077/500-281 и Ивица Ристов негов помошник, со мобилен телефон 071/313-587
- Една машина ровокопач - утоварувач, задолжен возач Љупчо Георгиев, мобилен телефон 075/472-478,
- Одговорно лице за одржување на улици и патишта во зимски услови е Мартин Манов, Раководител на одделение зеленило, со место на живеење во с. Трстија, мобилен број 076/302-574

Во случај на поголеми снежни наноси и голомразици ќе бидат ангажирани и други возила со кои располага јавното претпријатие.

По потреба ЈП за комунални работи “Солидарност“ Виница ќе извршува и други работи и работни задачи кои не се предвидени со оваа Програма, а се неопходни за одржување на улиците во градот, кои би се обезбедило непречено одвивање на сообраќајот.

**ЈП“СОЛИДАРНОСТ“ ВИНИЦА**
**ВД Директор**
**М-р Игор Спасовски**